Архивски број: 08-441/3
29-08-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 441/1 од 24.07.2023 година, поднесена од [redacted]- Штип, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-441/1 од 24.07.2023 година од [redacted] – Штип **поради неуредност.**

### Образложение

[redacted] – Штип со адреса на [redacted] Штип, на 24.07.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави претставка заведена под бр. 08-441/1 за заштита од дискриминација против [redacted]

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржеше јасно наведени факти и околности врз кои се темели претставката и не содржеше адреса за контакт на лицето против кое се поднесува претставката, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, на 26.07.2023 година до подносителот достави Барање бр. 08-441/2 за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето, да ја доуреди претставката, со тоа што ќе ги наведе потребните податоци.

Подносителот во предвидениот рок не ја доуреди претставката.

Од горенаведените причини се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери

*Доставено до:*

- [redacted]
- *Архива на Комсијата*